Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18),
Општина Ѓорче Петров, на ден __________ 2020 год. донесе:

# Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ДУП за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **ДУП за Градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Со планскиот документ кој се донесува се врши уредување на просторот со површина од **47,389ha**, согласно со ГУП на Град Скопје (2012 – 2022), како документација од повисок ред, при што се дадени Посебни услови за заштита на животната средина, т.е. спроведена е стратегиска оцена за влијанието врз животната средина кои задолжително треба да се испочитуваат.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Број 09 – 1853/4

од 17.11., 2020 година

Скопје

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Република Северна Македонија, Скопје, Општина Ѓорче Петров 1

**Александар Наумоски**